Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр.04-992/50
18-04-2022 2022 година
Скопје

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ"бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ"бр.275/19, 14/20 и 215/21), в.д. државниот секретар во Министерството за правда донесе

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат по интерен оглас за унапредување на административен службеник

1. **ДАНИЕЛА РИСКОВСКА** ***се избира*** од предложената ранг листа на кандидати по Интерниот оглас за унапредување на административен службеник во Министерството за правда број 01/2022, за работно место Советник за подготвување на норматива и следење на примената на законите во кривичната материја, со звање советник, шифра на работно место УПР0101В01000, Одделението за нормативна дејност во кривичната материја-Сектор за правосудство.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добиена писмена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства број 18-1149/2 од 21.02.2022 година, на ден 28.03.2021 година и исправка на ден 31.03.2022 година, на веб страниците на Министерството за правда и на Агенцијата за администрација објавен е Интерниот оглас број 01/2022 за унапредување на шест административни службеници во Министерството за правда, меѓу кои и за работното место Советник за подготвување на норматива и следење на примената на законите во кривичната материја.

Со Решение број 04-992/45 од 12.04.2022 година, формирана е Комисија за селекција за унапредување на административен службеник.

На Интерниот оглас за горенаведеното работно место се пријавија девет кандидати. Комисијата спроведе постапка за административна селекција. Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник спроведе интервју со деветте кандидати, чија пријава беше комплетна и кои ги исполнуваа условите утврдени во Законот за административни службеници и пропишани во Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за правда и во Јавниот оглас број 01/2022.

Врз основа на добиените бодови од спроведената административна селекција и од одржаното интервју, изготвена е Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлуката за избор на прворангираниот кандидат.

Врз основа на предложената ранг листа, државниот секретар за работно место Советник за подготвување на норматива и следење на примената на законите во кривичната материја, го избра кандидатот Даниела Рисковска.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозититвот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА : Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да изјави жалба до Агенцијата за администрација

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Мухамед Точи

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именуваниот-та,
- Одделение за човечки ресурси,
- Архива

Изготвил : Маја Маљановска, раководител на сектор